Бр.08-1306/1
26.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 27-тата седница одржана на ден 14.02.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК по предметот број 08-5307/1 од 21.11.2019 година, оформен по сопствена иницијатива, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019).

Предметот со број 08-5307/1 од 21.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, во деперсонализирана форма.

***Образложение***

Предметот број 08-5307/1 од 21.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива од ДКСК а произлегува од постапувањето на ДКСК по предметот број 09-2233/1 од 02.04.2019 година, при што е утврдено дека лицето __________ не поднело анкетен лист во законски утврдениот рок по именувањето на функцијата заменик директор на ___________ и не поднел анкетен лист во законски утврдениот рок по престанокот на функцијата заменик директор на _____________.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави два прекршочни платни налози.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочните платни налози.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Нури Бајрами., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk